Република Северна Македонија - Република е Македонисë së Veriut
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-649
10.09. 2025 год. viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

Врз основа на член 112 од Законот за јавните набавки („Службен Весник на РМ" бр.24/19), Градоначалникот на Општина Арачиново, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на најповолна понуда

1.Во врска со спроведената поедноставена остворена постапка за јавна набавка на работи со предмет: **Набавка на материјали за улично осветлување,** по објавен оглас со евидентен број на ECJH 15404/2025 од 21.08.2025 година, за најповолна понуда се избира понудата на понудувачот:

- Друштво за производство, трговија и услуги ТЕКНИК ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Грчец Скопје

2. По истекот на рокот утврден во Законот за јавни набавки, односно по конечноста на Одлуката за избор на најповолна понуда, со избраниот понудувач да се склучи договор за јавна набавка.

3.Се задолжува Комисијата за јавни набавки да ја спроведе оваа Одлука.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за јавни набавки спроведе поедноставена отворена постапка за јавна набавка на работи со предмет: **Набавка на материјали за улично осветлување,** по објавен оглас со евидентен број на ECJH 15404/2025 од 21.08.2025 година, спроведена согласно Одлуката за јавна набавка Бр. 13-581 од 05.08.2025 година за што состави Извештај од спроведена постапка.

Согласно Записникот од отварање на понудите, Комисијата утврди дека преку ECJH е поднесена 1 (една) понуда и тоа од понудувачот:

- **Друштво за производство,трговија и услуги ТЕКНИК ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Грчец Скопје**

Комисијата за јавна набавка пристапи кон евалуација на пристигнатата понуда согласно барањата од тендерската документација по што утврди дека понудувачот доставил уредна документација за утврдување на способност.

При разгледување на финансиската понуда на понудувачот Друштво за производство,трговија и услуги ТЕКНИК ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Грчец Скопје во врска со понудените цени, соодветните финансиски и други услови утврдени со тендерската документација, Комисијата утврди дека понудата е соодветна.

Комисијата за јавни набавки во Извештајот од спроведена постапка, го утврди конечниот приказ и достави предлог за избор на најповолна понуда врз основа на критериумите содржани во Огласот бр. 15404/2025 од 21.08.2025 и тендерската документација (економски најповолна понуда врз основа на цената).

Градоначалникот на Општина Арачиново го прифати Извештајот од спроведената постапка на Комисијата во кој е содржан предлогот за избор на најповолна понуда и согласно член 112 од Законот за јавните набавки, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/19) може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата или пропуштањата за превземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.
Незадоволниот учесник од изборот на најповолната понуда, може да изјави жалба до Државната комисијата за жалби по јавни набавки во рок од 5 (пет) дена сметано од денот на приемот на известувањето за извршениот избор преку ECJH.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Комисијата за јавни набавки;
- Сметководство
- Архива.

Ridvan Ibraimi

Digitally signed by Ridvan Ibraimi
Date: 2025.09.10 14:29:47 +02'00'

Градоначалник
Ridvan Ibraimi